РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

Бр. 09-1129/2
19.09.2025
Скопје

Врз основа на член 7 од Правилникот за условите, критериумите и постапката за избор на научници и уметник на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кои покажуваат врвни резултати во научноистражувачката и уметничката дејност (Универзитетски гласник бр.649/2023), и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за условите, критериумите и постапката за избор на научници и уметник на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кои покажуваат врвни резултати во научноистражувачката и уметничката дејност (арх.бр.02-1092 од 16.9.2025), Одборот за избор на најдобри научници и уметник на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2024, објавува

**ИНТЕРЕН КОНКУРС**
**за избор на најдобри научници и уметник на Универзитетот**
**„Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2024 година**

1. Се објавува Конкурс за избор на најдобри научници и уметник на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кои покажуваат врвни резултати во научноистражувачката, односно уметничката дејност, за 2024 година.

2. Право на учество на Конкурсот има секој истражувач, односно уметник кој е во работен однос на единица на Универзитетот. За научник, односно уметник на годината, лицето може да биде избрано еднаш во кариерата.

3. За најдобри научници кои во една календарска година покажуваат врвни резултати во научноистражувачката дејност, можат да бидат избрани најмногу 6 (шест) кандидати, по еден кандидат од секое научноистражувачко подрачје (природно-математички науки; техничко-технолошки науки; медицински науки и здравство; земјоделски и ветеринарни науки; општествени науки и хуманистички науки) и 1 (еден) најдобар уметник.

4. Предлози за избор на научници, односно уметник кои покажуваат врвни резултати во научноистражувачката, односно уметничката дејност, до Одборот, може да поднесат: единицата, односно повеќе единици на УКИМ, од соодветното подрачје. Предлагачите треба да го образложат предлогот.

5. Критериуми за избор се постигнатите резултати на пријавените кандидати. Категориите за евалуација се содржани во рамките за евалуација на научноистражувачка/уметничка работа, кои се составен дел на овој Конкурс (прилози 1, 2 и 3), соодветно за научно-истражувачките подрачја и уметностите.

6. Кандидатите до архивата на единицата, со назнака за продеканот за наука, односно до лицето одговорно за наука во својата институција, треба да ја достават следната документација (во хартиена или електронска форма):

- пријава;
- кратка биографија;
- преглед на објавени научни трудови и на научни активности за кои се објавени резултати во периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година;
- по еден примерок од секој труд наведен во прегледот.

Оваа документација се доставува **најдоцна до 3.10.2025 година**, до архивата на единицата, со назнака за продеканот за наука, односно до лицето одговорно за наука на единицата.

7. Доколку на единицата на Универзитетот се пријаваат повеќе кандидати, единицата, до УКИМ, доставува еден предлог кандидат, согласно рамките за евалуација.

8. Комплетната документација за прворангираниот кандидат, за избор на најдобар научник/уметник на Универзитетот за 2024 година, треба да се достави до УКИМ, преку архивата **најдоцна до 9.10.2025 година**:

- во хартиена форма и
- во електронска форма на следната е-меил адреса: odd.nauka@ukim.edu.mk.

9. Комисијата за наука на УКИМ врши евалуација на поднесената документација на сите предложени и пријавени кандидати. По извршената евалуација на поднесените предлози, Одборот донесува конечна одлука за избор

10. Прилози на Конкурсот се:

- Прилог 1 - Рамка за евалуација на категориите на научноистражувачка работа при избор на НАУЧНИК на годината на УКИМ (за сите научноистражувачки подрачја освен за хуманистички науки)
- Прилог 2 - Рамка за евалуација на категориите на научноистражувачка работа при избор на НАУЧНИК на годината на УКИМ (за хуманистички науки)
- Прилог 3 - Рамка за евалуација на категориите на уметничка работа за избор на УМЕТНИК на годината при УКИМ

**Претседател на Одборот за избор на најдобри научници и уметник**
**на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

**Проф. д-р Биљана Ангелова, ректор**

ПРИЛОГ 1

**ПРИЛОГ 1: Рамка за евалуација на категориите на научноистражувачка работа при избор на НАУЧНИК на годината на УКИМ**
(Рамката се однесува за сите научноистражувачки подрачја освен за хуманистички науки)
Основен критериум за кандидирање се објавени три научни трудови во списание со фактор на влијание (импакт фактор), реферирано во Web of Science на Clarivate Analytics
При евалуацијата не се земаат во предвид публикации во изданија на издавачките куќи MDPI и Frontiers

**Табела 1: Приоритет I**

| **Категорија** (за секоја категорија, доколку има повеќе единици се внесуваат поединечно) | **Референца** (автори и наслов) | **Вредност (X) изразена преку импакт фактор** | **Методологија за пресметка на поени** | **Вредност на поени (Z)** | **Поени со тежински фактор TF=8** |
|---|---|---|---|---|---|
| Научна монографија (автор/коавтор) објавена од престижна издавачка куќа (преглед на издавачи според Web of Science на Clarivate Analytics) | | | 12*(Y%/100) = Z | Z | Z * TF |
| Поглавје во научна монографија (автор/коавтор, но не е автор/коавтор на монографијата), објавена од престижна издавачка куќа (преглед на издавачи според Web of Science наClarivate Analytics) | | | (6+X)*(Y%/100) = Z | Z | Z * TF |
| Статија (оригинален научен труд) во списание реферирано во Web of Science на Clarivate Analytics | | X = IF value | (8+X)*(Y%/100) = Z | Z | Z * TF |
| Статија (оригинален научен труд) во списание реферирано на листата SCImago Journals | | | 6*(Y%/100) = Z | Z | Z * TF |
| **ВКУПНО*** | | | **Приоритет I** | | |

*Пополнува Одборот

Легенда:

*IF value – вредноста на импакт факторот објавен во последниот извештај на Web of Science на Clarivate Analytics
*X – коефициент еднаков на вредноста на импакт факторот (IF) *Y – коефициент на влијание, вредноста се определува според наведените елементи во продолжение, согласно Правилникот за избори во звања на УКИМ

90% - 2 автори
80% - 3 автори
60% - 4-6 автори
40% - >7 автори
Прв автор + 20%, освен кај 2 автори +10%, Corresponding автор + 10%

*Z – вкупни бодови за активност во одделна категорија. Таксативно се наведуваат сите активности во одделна категорија и за секоја активност се пресметуваат вкупни бодови.
*TF – тежински фактор за влијание на одделните катеории во вкупното бодување

**Табела 2: Приоритет II**

| **Категорија**<br>**(за секоја категорија, доколку има повеќе единици се внесуваат поединечно)** | **Референца (автори и наслов)** | **Методологија за пресметка на поени** | **Вредност на поени (Z)** | **Поени со тежински фактор TF=4** |
|---|---|---|---|---|
| Научна монографија (автор/коавтор) објавена во странство | | 8*(Y%/100) = Z | Z | Z * TF |
| Поглавје во научна монографија објавена во странство (автор/коавтор, но не е автор/коавтор на монографијата) | | 4*(Y%/100) = Z | Z | Z * TF |
| Статија (поглавје) објавена во меѓународен зборник или колекција на трудови (реферирано во Web of Science на Clarivate Analytics или SCImago Journals) | | 6*(Y%/100) = Z | Z | Z * TF |
| Прегледен труд во меѓународно научно списание (нереферирано во Web of Science на Clarivate Analytics или SCImago Journals) | | 4*(Y%/100) = Z | Z | Z * TF |
| **ВКУПНО*** | | **Приоритет II** | | |

**Табела 3: Приоритет III**

| **Категорија**<br>**(за секоја категорија, доколку има повеќе единици се внесуваат поединечно)** | **Референца (автори и наслов)** | **Методологија за пресметка на поени** | **Вредност на поени (Z)** | **Поени со тежински фактор TF=2** |
|---|---|---|---|---|
| Научна монографија (автор/коавтор) објавена во земјата | | 5*(Y%/100) = Z | Z | Z * TF |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Поглавје во научна монографија објавена во земјата (автор/коавтор, но не е автор/коавтор на монографијата) | | 1.5*(Y%/100) = Z | Z | Z * TF |
| Статија (оригинален научен труд) во национално списание | | 2*(Y%/100) = Z | Z | Z * TF |
| **ВКУПНО*** | | **Приоритет III** | | |

**Табела 4: Приоритет IV**

| **Категорија**<br>**(за секоја категорија, доколку има повеќе единици се внесуваат поединечно)** | **Референца**<br>**(автори и наслов)** | **Методологија за пресметка на поени** | **Вредност на поени (Z)** | **Поени со тежински фактор TF=1** |
|---|---|---|---|---|
| Статија во зборник на трудови од научен собир (интернационален) | | 3*(Y%/100) = Z | Z | Z * TF |
| Статија во зборник на трудови од научен собир (национален) | | 1.5*(Y%/100) = Z | Z | Z * TF |
| Предавач на научен собир во странство | | Пленарно<br>3 = Z<br>Секциско<br>2 = Z | Z | Z * TF |
| Постер презентација на интернационална конференција | | 2 = Z | Z | Z * TF |
| Апстракт на интернационална конференција | | 1 = Z | Z | Z * TF |
| Предавач на научен собир во земјата | | Пленарно<br>1.5 = Z<br>Секциско<br>1 = Z | Z | Z * TF |
| **ВКУПНО*** | | **Приоритет IV** | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО** | | **Приоритет I** | | |
| **ВКУПНО** | | **Приоритет II** | | |

| | |
|---|---|
| **ВКУПНО** | **Приоритет III** |
| **ВКУПНО** | **Приоритет IV** |
| **СЕВКУПНО*** | |

**П Р И Л О Г 2**

**ПРИЛОГ 2. Рамка за евалуација на категориите на научноистражувачка работа при избор на НАУЧНИК на годината при УКИМ**
(Рамката се однесува за хуманистички науки)
Основен критериум за кандидирање се објавени три научни трудови во списание со фактор на влијание (импакт фактор), реферирано во Web of Science на Clarivate Analytics или во списание реферирано во SCImago Journals
При евалуацијата не се земаат во предвид публикации во изданија на издавачките куќи MPDI и Frontiers

**Табела 1: Приоритет I**

| **Категорија** (за секоја категорија, доколку има повеќе единици се внесуваат поединечно) | **Референца** (автори и наслов) | **Вредност (X) изразена преку импакт фактор** | **Методологија за пресметка на поени** | **Вредност на поени (Z)** | **Поени со тежински фактор TF=8** |
|---|---|---|---|---|---|
| Научна монографија (автор/коавтор) објавена од престижна издавачка куќа (преглед на издавачи според Web of Science на Clarivate Analytics) | | | 12*(Y%/100) = Z | Z | Z * TF |
| Научна монографија (автор/коавтор) објавена од престижна издавачка куќа (преглед на издавачи според SCImago Journals) | | | 10*(Y%/100) = Z | Z | Z * TF |
| Поглавје во научна монографија (автор/коавтор, но не е автор/коавтор на монографијата) објавена од престижна издавачка куќа (преглед на издавачи според Web od Science на Clarivate Analytics) | | | (6+X)*(Y%/100) = Z | Z | Z * TF |
| Поглавје (во научна монографија (автор/коавтор, но не е автор/коавтор на монографијата) објавена од | | | 5*(Y%/100) = Z | Z | Z * TF |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| престижна издавачка куќа (преглед на издавачи според SCImago Journals) | | | | |
| Статија (оригинален научен труд) во списание реферирано во Web of Science на Clarivate Analytics | X = IF value | (8+X)*(Y%/100) = Z | Z | Z * TF |
| Статија (оригинален научен труд) во списание реферирано на листата SCImago Journals | | 6*(Y%/100) = Z | Z | Z * TF |
| Статија (оригинален научен труд) во списание реферирано на листата CEEOL и RINC базите | | 5*(Y%/100) = Z | Z | Z * TF |
| **ВКУПНО*** | | **Приоритет I** | | |

*пополнува Одборот

Легенда:

IF value – вредноста на факторот на влијание (impact factor) објавен во последниот извештај на Web of Science на Clarivate Analytics
*X – коефициент еднаков на вредноста на факторот на влијание (IF)
*Y – коефициент на влијание, вредноста се определува според наведените елементи во продолжение, согласно Правилникот за избори во звања на УКИМ

90% - 2 автори
80% - 3 автори
60% - 4-6 автори
40% - >7 автори
Прв автор + 20%, освен кај 2 автори +10%, Corresponding автор + 10%

*Z – вкупни бодови за активност во одделна категорија. Таксативно се наведуваат сите активности во одделна категорија и за секоја активност се пресметуваат вкупни бодови
*TF – тежински фактор за влијание на одделните категории во вкупното бодување

**Табела 2: Приоритет II**

| **Категорија** (за секоја категорија, доколку има повеќе единици се внесуваат поединечно) | **Референца (автори и наслов)** | **Методологија за пресметка на поени** | **Вредност на поени (Z)** | **Поени со тежински фактор TF=4** |
|---|---|---|---|---|
| Научна монографија (автор/коавтор) објавена во странство | | 8*(Y%/100) = Z | Z | Z * TF |
| Поглавје во научна монографија (автор/коавтор, но не е автор/коавтор на монографијата) објавена во странство | | 4*(Y%/100) = Z | Z | Z * TF |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Статија (поглавје) објавена во меѓународен зборник или колекција на трудови (реферирано во Web of Science на Clarivate Analytics или SCImago Journals) | | 6*(Y%/100) = Z | Z | Z * TF |
| Статија (поглавје) објавена во меѓународен зборник или колекција на трудови (реферирано во CEEOL или RINC) | | 5*(Y%/100) = Z | Z | Z * TF |
| Прегледен труд во меѓународно научно списание (нереферирано во Web of Science на Clarivate Analytics или SCImago Journals или CEEOL и RINC) | | 4*(Y%/100) = Z | Z | Z * TF |
| **ВКУПНО*** | | **Приоритет II** | | |

**Табела 3: Приоритет III**

| **Категорија** **(за секоја категорија, доколку има повеќе единици се внесуваат поединечно)** | **Референца (автори и наслов)** | **Методологија за пресметка на поени** | **Вредност на поени (Z)** | **Поени со тежински фактор TF=2** |
|---|---|---|---|---|
| Научна монографија (автор/коавтор) објавена во земјата | | 5*(Y%/100) = Z | Z | Z * TF |
| Поглавје во научна монографија (автор/коавтор, но не е автор/коавтор на монографијата) објавена во земјата | | 1.5*(Y%/100) = Z | Z | Z * TF |
| Статија (оригинален научен труд) во национално списание | | 2*(Y%/100) = Z | Z | Z * TF |
| **ВКУПНО*** | | **Приоритет III** | | |

**Табела 4: Приоритет IV**

| Категорија<br>(за секоја категорија, доколку има повеќе единици се внесуваат поединечно) | Референца<br>(автори и наслов) | Методологија за пресметка на поени | Вредност на поени (Z) | Поени со тежински фактор TF=1 |
|---|---|---|---|---|
| Статија во зборник на трудови од научен собир (интернационален) | | 3*(Y%/100) = Z | Z | Z * TF |
| Статија во зборник на трудови од научен собир (национален) | | 1.5*(Y%/100) = Z | Z | Z * TF |
| Предавач на научен собир во странство | | Пленарно<br>3 = Z<br>Секциско<br>2 = Z | Z | Z * TF |
| Постер презентација на интернационална конференција | | 2 = Z | Z | Z * TF |
| Апстракт на интернационална конференција | | 1 = Z | Z | Z * TF |
| Предавач на научен собир во земјата | | Пленарно<br>1.5 = Z<br>Секциско<br>1 = Z | Z | Z * TF |
| **ВКУПНО*** | | **Приоритет IV** | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО** | | **Приоритет I** | | |
| **ВКУПНО** | | **Приоритет II** | | |
| **ВКУПНО** | | **Приоритет III** | | |
| **ВКУПНО** | | **Приоритет IV** | | |
| **СЕВКУПНО*** | | | | |

**ПРИЛОГ 3. Рамка за евалуација на категориите на уметничка работа за избор на УМЕТНИК на годината при УКИМ**
(Основен критериум за кандидирање, како минимум, се исполнети три категории во странство, од кои една е од категоријата која носи 12 поени и една категорија дома)

**Табела 1:**

| **Категорија** (**за секоја категорија, доколку има повеќе единици се внесуваат поединечно**) | **Референца** (**автори и наслов**) | **Поени** |
|---|---|---|
| Учество на светска ликовна манифестација со национално претставување (светски биеналиња и најзначајни светски ликовни манифестации).<br><br>Монументално ликовно дело од национално значење;<br><br>Самостојно јавно претставување со ликовни дела по повик од уметничка институција/национална установа / дел од годишна национална програма за култура во странство / дома<br><br>Солистички концерт со симфониски / камерен оркестар;<br>солистички или дуо рецитал;<br>главна улога во опера;<br><br>Диригирање на целовечерен концерт со симфониски оркестар, оперска/балетска претстава;<br>диригирање со камерен оркестар/хор;<br><br>Создадено и изведено крупно оркестарско/хорско дело; дело за солист и оркестар; дело за хор и оркестар; балет, опера; | | 12 |

создадено и изведено помало дело за хор, оркестар, поголем камерен состав;

Целовечерен авторски концерт / изведба на крупно сценско / оркестарско дело;
Изведба на прва улога во класично целовечерно балетско дело изведено со ансамбл и солисти на голема сцена;
Изведба на главна улога во модерно/современо целовечерно танцово дело изведено со ансамбл и солисти на голема сцена;

Кореографија и пренос на кореографија на класично целовечерно балетско дело изведено со ансамбл и солисти на голема сцена во странство / дома;

Кореографија и пренос на кореографија на модерно/современо целовечерно танцово дело изведено со ансамбл и солисти на голема сцена во странство / дома

Автор (филмски и тв режисер/продуцент/сниматeл/актер (уметник изведувач) / автор на музика/сценарист/драмски писател) во сценско аудиовизуелно дело од голем/среден формат – на меѓународни филмски (А категорија)/театарски/телевизиски и друг вид на фестивали во својство на уметник/изведувач

Автор (филмски и тв режисер/продуцент/сниматeл/актер-уметник изведувач / автор на музика/сценарист/драмски писател) во сценско аудиовизуелно дело од голем/среден формат – целовечерно изведено во странство /дома

Учество со сценско/аудиовизуелно дело од голем/среден формат на меѓународни филмски (А или В категорија) /театарски/телевизиски и друг вид на фестивали во својство на автор / уметник



Бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје, П.Ф. 576
Република Македонија
телефон +389 2 3293 293 факс +389 2 3293 202 ректор + 389 2 3293 200
www.ukim.edu.mk

| | |
|---|---|
| Режија/продукција на сценско/аудиовизуелно дело од помал формат или како дел од програмата во странство /дома<br><br>Самостојно јавно претставување со ликовни дела во странство /дома. Целосно ликовно-графичко обликување на монографски публикации и авторски книги странство /дома<br><br>Издадено ЦД или друг носач на звук<br><br>Споредна улога во претстава/филм во странство/дома<br><br>Создадено и изведено музичко дело со помал камерен состав и траење како дел од мешана концертна програма (дел од концерт) во странство/дома<br><br>Полурецитал / втора улога во оперска претстава / целовечерен настап во состав до квинтет во странство/дома<br><br>Диригирање на дел од програмата со симфониски/камерен оркестар/целовечерен концерт со помал состав<br><br>Кореографија/продукција на сценско/аудиовизуелно дело од помал формат или како дел од програмата во странство / дома<br>Споредна улога во балетска претстава во странство/дома<br><br>Авторски придонес (монтажер/ сценограф/ костимограф/ кореограф/ драматург) во сценско/аудиовизуелно дело од среден формат – целовечерно во странство / дома<br><br>Уметник изведувач (главна улога/голема улога/режисер на драмска претстава / мајстор на звук во сценско/аудиовизуелно дело од среден/ мал формат – целовечерно во странство / дома<br><br>Автор (филмски и тв режисер/продуцент/ сниматeл/автор на музика / сценарист /драмски писател) во сценско / аудиовизуелно дело од мал формат – целовечерно во странство / дома | |
| Награда за концерт/изложба презентиран-а во странство | Самостојна - 7<br>Дел од тим - 5 |

| | |
|---|---|
| Награда за сценско/аудиовизуелно дело од голем /среден/ мал формат на регионален - меѓународен филмски /театарски/телевизиски и друг вид на фестивали во својство на автор<br><br>Награда за уметник изведувач (главна улога/голема улога/режисер на драмска претстава / мајстор на звук во сценско/аудиовизуелно дело од среден/ мал формат во странство<br><br>Награда за автор (филмски и тв режисер/продуцент/ снимател/автор на музика / сценарист /драмски писател) во сценско / аудиовизуелно дело од мал формат во странство | |
| Награда за концерт/изложба презентиран-а дома<br><br>Награда за сценско/аудиовизуелно дело од голем/ среден/ мал формат на домашен филмски /театарски/телевизиски и друг вид на фестивали или целовечерно претставување во својство на автор /дома<br><br>Награда за уметник изведувач (главна улога/голема улога/режисер на драмска претстава / мајстор на звук во сценско/аудиовизуелно дело од среден/ мал формат /дома<br><br>Награда за автор (филмски и тв режисер/продуцент/ снимател/автор на музика / сценарист /драмски писател) во сценско / аудиовизуелно дело од мал формат /дома | Самостојна - 5<br><br>Дел од тим - 3 |
| Позитивна критика за музичко дело/концерт/изложба/претстава/филм добиен-а во странство | **5** |
| Позитивна критика за музичко дело/концерт/изложба/претстава/филм добиен-а во РСМ | **3** |
| **ВКУПНО*** | |

*пополнува Одборот